# Ништовност на договорите

СУДИЈА КЕТИ ГЕРМАНОВА

# Закон за облигациони односи

Договорот е израз на волјата на договорните страни

Договорот **полноважно** настанува со постигнување на согласност на страните за **суштествените состојки** на договорот, под следните **услови:**

ОПШТИ:

- Деловно способни страни
- Дозволен предмет
- Подобен основ (кауза)

ПОСЕБНИ:

- Форма
- Рок
- Услов

Договорот **НЕМА ПРАВНА ВАЖНОСТ** доколку некој од условите не постои.

# НЕВАЖНОСТ НА ДОГОВОРИТЕ

Ништовност
Рушливост
Непостоечки (според правната теорија)

**НИШТОВНОСТА** претставува општа граѓанско-правна санкција и служи за заштита на јавниот поредок

**РУШЛИВОСТА** го заштитува поединечниот (индивидуалниот) интерес на договорните страни

# НИШТОВНИ ДОГОВОРИ СПОРЕД ЗОО

**ОПШТО ПРАВИЛО:**

Договорот кој **не е во согласност со Уставот, законите и добрите обичаи** е ништовен... (чл.95 ст.1)

**Посебни случаи на ништовност:**

- **Предметот** на договорот е невозможен, недозволен, неопределен, неопределив (чл.39)
- **Основот** на договорот не постои или е недозволен (чл.44)
- Договор на **деловно неспособно** лице (чл.47-а)
- Договор со недозволен или невозможен **услов** (чл.67)
- **Привиден** (фиктивен, симулиран) договор (чл.58)
- Отсуство на **форма** на договорот (чл.62)
- **Лихварски** договор (чл.129)

# НЕДОЗВОЛЕН ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Договор кој е спротивен на некоја правна или обичајна (морална) норма (чл.39, 41)

Договор кој е **изречно означен** како ништовен

- на пр: договор со кој адвокат би купил спорно право чиешто остварување му е

  доверено (чл.449 ст.2)

Договор **спротивен на определена императивна норма** која изречно не предвидува ништовност

- на пр: договор за цесија со кој доверителот го пренесува своето побарување на трет, а се работи за побарување чие пренесување е забрането со закон или кое е врзано за личноста на доверителот (чл.424 ст.1 )

Договор **спротивен на Уставот** на РСМ

Договор **спротивен на моралните норми**

# Начелно правно мислење на Општата седница на ВСРМ - 2012 година

- **Договорот за <u>награда за адвокатски услуги</u> склучен помеѓу адвокат-полномошник и странка, во делот со кој висината на наградата се определува <u>во процентуален износ</u>, а ќе биде пресметана по правосилното окончување на постапката, кога судот ќе донесе одлука за висината на надоместот – сумата ќе стане неспорна, Е НИШТОВЕН.**

- Договорот склучен спротивно на член 449 став 2 од ЗОО, помеѓу адвокат и странка, доведува до ништовност на договорот на која судот внимава по службена должност (член 101 став 1 од ЗОО), а на ваквата ништовност се применуваат одредбите од член 95 до 102 од ЗОО. Самата околност што според АТ, адвокатот и странката слободно можат да ја договорат наградата, не значи дека договорот склучен спротивно на член 449 став 2 од ЗОО, може да се конвалидира (да се претвори ништовниот договор во полноважен договор).
- Таквите договори не се само спротивни на закон, туку и на моралот и кодексот на адвокатската етика.

## Пресуда ГЖ.бр.1903/13 на Апелационен суд Битола

- **Не е ништовен договорот за купопродажба на недвижност – деловен простор поради непостоење на предмет на договорот, доколку во моментот на склучувањето на договорот таквата недвижност имала статус на објект од времен карактер, независно што по склучувањето на договорот истата е срушена.**

- Во моментот на склучувањето на договорот предметната недвижност била изградена и постоела, иако тоа било направено без претходно добиено одобрение за градење што значи дека истата имала статус на објект од времен карактер. Таквата недвижност постоела во моментот на склучувањето на договорот, односно постоела до моментот на рушењето на истата Од тие причини неосновано е барањето на тужителот за ништовност на договорот за продажба на недвижност со оглед дека не се исполнети условите од чл.39, чл.95 и чл.96 од ЗОО.

# НЕВОЗМОЖНА ОБВРСКА НА ДОГОВОРОТ

Договор кој содржи предмет на обврска која никој не може да ја изврши

- **Спротивно** на човековите способности, законите на физиката и актуелниот развој на техниката и технологијата

- **Исклучок** – доколку договорот бил склучен под одложен услов или рок, а обврската станала возможна пред настапување на условот или истек на рокот (чл.40 од ЗОО)

- Договорот не е ништовен доколку невозможноста на обврската настапила после склучување на договорот

Надомест на штета поради недостатоците на работатаПредавање на завршената работа

# НЕПОСТОЕЧКИ ИЛИ НЕДОЗВОЛЕН ОСНОВ НА ДОГОВОР

Ако **основот** (каузата) не постои или не е дозволен, договорот е ништовен (чл.44 од ЗОО)

Оваа одредба упатува на тоа дека договорот кај кој не постои кауза или е недозволена , не произведува правно дејство. Се применуваат сите последици од ништовност на договорот кои се предвидени со чл.96 од ЗОО за враќање на она што е примено , за тоа дека нема конвалидација на ништовен договор и дека на ништовноста може да се повика секоја страна

Рев.бр. 299/95 од 21.02.1996 година : Ништовно е располагањето преку пренесување на интерни акции издадени според Законот за промет и располагање со општествен капитал од 1989 година од едни врз други работници во едно општествено претпријтие , доколку таквото располагање нема основ (кауза)

# НЕПОСТОЕЧКИ ИЛИ НЕДОЗВОЛЕН ОСНОВ НА ДОГОВОР

**Побудите** од кои е склучен договорот не влијаат врз  неговата полноважност (чл.45 ст.1 од ЗОО)

Под побуда (мотив) се подразбира внатрешен психолошки фактор, кој кај договорната страна предизвикува желба и ја наведува да донесе одлука за склучување на определен договор, и одтука побудата се разликува од каузата (основот) по тоа што таа не влегува во основот на обврзувањето, ако тоа со правото или со договорот не посебно определено. Од оваа причина е пропишано со одредбата од ст.1 од чл.45 дека побудите од кои е склучен договорот не влијаат врз неговата полноважност.

# НЕПОСТОЕЧКИ ИЛИ НЕДОЗВОЛЕН ОСНОВ НА ДОГОВОР

- Ако недозволената побуда суштествено влијаела врз одлуката на едниот договарач да го склучи договорот (совесен) и ако другиот договарач тоа го знаел или морал да го знае (несовесен), договорот е без дејство. (чл.45 ст. 2 од ЗОО)

Според оваа одредба поимот на основот на договорот се проширува , побудите влегуваат во договорното поле на странките и тие се издигнуваат на ранг на основ со делување како што е пропишано со истата.

Примери на недозволена побуда : побуди за изигрување на законот, намера некому да му се нанесе лична или материјална штета, намерата друг да се доведе во полоша состојба и сл.

# ДОГОВОР НА ДЕЛОВНО НЕСПОСОБНО ЛИЦЕ

За склучување на полноважен договор е потребно договарачот да ја има деловната способност која се бара за склучување на тој договор (чл.47-а ст.1)

Договорот на деловно неспособно лице е **ништовен**

Деловна способност - е способност едно лице самостојно да изјавува правно релевантна волја . Физичкото лице се стекнува со деловна способност со навршување на годините за полнолетство и во други случаи предвидено со закон.

Степенување на деловната способност:

- деловна способност
- ограничена деловна способност
- деловна неспособност

# ДОГОВОР НА ДЕЛОВНО НЕСПОСОБНО ЛИЦЕ

- Полната деловна способност е својство на лицето без ограничувања во целост да ги остварува своите права и обврски

- Ограничено деловно способно лице – кое навршило 14 години , па до неговото полнолетство , како и полнолетно лице на кое деловната способност му е ограничена на начин определен со закон

- Деловно неспособно лице – кое не навршило 14 години, како и полнолетно лице на кое деловната способност му е одземена

# ДОГОВОР НА ДЕЛОВНО НЕСПОСОБНО ЛИЦЕ

Исклучок од одредбата од чл.47-а ст.2 :

Договор на деловно неспособно лице кој има помала вредност (секојдневен договор) се смета за полноважен, освен ако со закон не е поинаку определено (чл.47-а ст.3)

Пропишана полноважност на договорите кои се склучени од страна на деловно неспособно лице (особено на малолетници до 14 години) а се од помала вредност (секојдневни договори). Помала вредност – правен стандард кој се фомулира низ судската пракса , невозможно е однапред со закон да се определи извесна фиксна сума до која договорите на деловно неспособни лица ќе се сметаат за полноважни

# ДОГОВОР СО НЕДОЗВОЛЕН ИЛИ НЕВОЗМОЖЕН УСЛОВ

- Ништовен е договорот во кој е поставен одложен или раскинлив услов спротивен на Уставот, законите и добрите обичаи (чл.67 ст.1)

Законот не го прави таквиот услов непостоечки, како да не е внесен во договорот, туку во таков случај целиот договор е ништовен, без оглед на тоа дали се работи за одложен или раскинлив услов.

Ништовноста на договорот во таков случај, се цени според одредбите од чл.95-105 од ЗОО.

# ДОГОВОР СО НЕДОЗВОЛЕН ИЛИ НЕВОЗМОЖЕН УСЛОВ

Договорот склучен под невозможен услов е ништовен, а невозможниот раскинлив услов се смета за непостоечки (чл.67 ст.2)

Доколку условот е **невозможен** постои разлика:

- Невозможен **одложен** услов го прави целиот договор ништовен, бидејќи договорот никогаш не може да стапи на сила
- Невозможен **раскинлив** услов не предизвикува ништовност на целиот договор, туку ништовна е само одредбата која го уредува таквиот услов

# НЕДОСТИГ НА ФОРМА НА ДОГОВОРОТ

Договорот може да биде склучен во било која форма – **Општо правило**

**Исклучок**: ...освен ако одредена форма не е задолжителна (суштествен елемент) за тој договор (чл.59)

Постојат две категории на задолжителна форма на договорот: законска (пропишана) и договорно определена

- Договорот кој не е склучен во **пропишаната форма** нема правно дејство, доколку од целта на прописот со кој е определена формата не произлегува нешто друго ( чл.62 ст.1)
- Договорот кој не е склучен во **договорно определената форма** нема правно дејство ако странките ја условиле полноважноста на договорот со посебната форма ( чл.62 ст.2)

# ЛИХВАРСКИ ДОГОВОР

- Ништовен е договор со кој некој, користејќи ја состојбата на нужда или тешката материјална состојба на друг, неговото недоволно искуство, лекомисленост или зависност, ќе договори за себе или за некој трет корист која е во очигледен несразмер со она што тој на другиот му го дал или сторил, или се обврзал да му даде или да му стори (чл.129 ст.1)

  Елементи на лихварскиот договор :

  - нужда, тешка материјална состојба, недоволно искуство, лекомисленост или зависност (субјективен)

  - корист од очигледна несразмер (објективен)

- Лихварскиот договор е ништовен

- Исклучок – оштетената страна може да бара судот да ја намали обврската на справедлив износ, во рок од 5 години од склучување на договорот ( чл.62 ст.4)

# НИШТОВНОСТ СПОРЕД ОПШТИТЕ НОРМИ НА ЗОО

Договорот кој не е во согласност со Уставот, законите и добрите обичаи е ништовен.... ( чл.95 )

**Исклучок 1** – ако целта на повреденото правило не упатува на некоја друга санкција (на пример, кривично-правна, управно-правна)

**Исклучок 2** – ако со законот во определениот случај не е предвидено нешто друг (на пример, справедливо намалување на обврска кај лихварски договор)

Ако склучувањето на определен договор и е забрането само на едната страна, договорот ќе остане во сила ако во законот не е предвидено нешто друго за определениот случај, а страната што ја повредила законската забрана ќе ги поднесува соодветните последици (чл.95 ст.2)

- **Од судска пракса**:

Договор за закуп на земјиште во државна сопственост склучен за време на организирање на локални избори?

Пресуда Рев1.бр.298/14 од 23.09.2015 г. на Врховен суд на РСМ:

**Договорот склучен во време на организирање локални избори во периодот од донесување на одлука за распишување на избори, па до завршување на постапката за избор на градоначалник и членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините, е <u>ништовен и не произведува правно дејство бидејќи постои законска пречка</u> да се преземаат активности кои се однесуваат и се поврзани со постапки за закуп на земјиште во државна сопственост.**

(По чл.95 од ЗОО в.в. чл.11 ст.3 од Законот за спречување на корупцијата)

# ОБЕМ НА НИШТОВНОСТА

**ЦЕЛОСНА НИШТОВНОСТ**

- Доколку некоја суштествена одредба на договорот е спротивна на Устав, закон или добри обичаи (на пример, недозволен предмет или основ...), целиот договор е ништовен

**ДЕЛУМНА НИШТОВНОСТ**

- Ништовноста на некоја одредба на договорот не повлекува ништовност и на самиот договор, ако тој може да опстане без ништовната одредба и ако таа не била ни услов на договор ни решавачка побуда поради која е склучен договорот (чл.97 ст.1)
- Договорот ќе остане во сила дури и ако ништовната одредба била услов или решавачка побуда на договорот во случај кога ништовноста е установена токму за да биде договорот ослободен од таа одредба и да важи без неа (чл.97 ст.2)

# КОНВЕРЗИЈА

- Кога ништовниот договор ги исполнува условите за полноважноста на некој друг договор, тогаш меѓу договарачите ќе важи тој друг договор, ако тоа би било во согласност со целта што ја имале предвид договарачите кога го склучиле договорот и ако може да се земе дека тие би го склучиле тој договор да знаеле за ништовноста на својот договор (чл.98)

Израз на начелото за афирмација на договорите , на настојувањето веќе склучените договори да се одржат што е можно повеќе во сила, а не да се укинуваат, бидејќи во таков случај и правната сигурност во правниот промет би се довела во прашање.

# КОНВЕРЗИЈА

- Под конверзија се подразбира претворање на првобитно апсолутно ништовниот договор со друг полноважен договор, кога ќе се покаже дека првобитниот договор ги нема сите битни состојки за полноважен договор, туку само некои, а тие елементи се доволни за полноважност на друг договор, чие настанување договорните страни исто така го сакале, и со кој исто така се постигнува онаа цел што ја имале пред себе склучувајќи го првиот договор, а кој би го склучиле ако знаеле дека веќе склучениот договор е ништовен.

совесност на договорните страни

на пр: договор за распределба на имот за време на живот - договор за дар

# КОНВЕРЗИЈА

Ништовниот договор не станува полноважен кога забрана или некоја друга причина за ништовноста дополнително ќе исчезне (чл.99 ст.1)

**Исклучок:** Ако забраната била од помало значење, а договорот е извршен, ништовноста не може да се истакнува (чл.99 ст.2)

**По правило, конвалидација на ништовен договор не е можна**

# ИСТАКНУВАЊЕ НА НИШТОВНОСТА

**Кој може да се повика на ништовност?**

1. **Договорна страна**
2. **Секое лице** кое има правен интерес
3. **Судот** на ништовноста внимава по службена должност (чл.101 ст.1)
4. **Јавниот обвинител** (во заштита на јавниот интерес) чл.101 ст.2

Доколку тужителот не е договорна страна, тужени мора да бидат двете договорни страни (нужно сопарничарство - чл.186 ст.1 од ЗПП)

**До кога може да се истакнува ништовност?**

- **Правото** на истакнување ништовност не се гаси (чл.102)
- Ништовноста е граѓанско-правна санкција од апсолутен карактер.

# ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД НИШТОВНОСТА

**Процесно-правни последици**

- Судот донесува **пресуда со која се УТВРДУВА НИШТОВНОСТ**

- Тужбеното барање и изреката на пресудата се од **деклараторен карактер**
- Ништовноста има правно дејство **ex tunc**

**Материјално-правни последици**

Во случај на ништовност на договорот секоја договорна страна е должна да и го врати на другата сето она што го примила врз основа на таквиот договор, а ако тоа не можно, или ако природата на она што е исполнето му се спротиставува на враќањето, ќе се даде соодветен надомест во пари, според цените во време на донесувањето на судската одлука, доколку законот не определува ништо друго .

- Совесната страна има право на надомест на **штета** (чл.96 ст.2)

Договор за продажба на недвижност склучен после издавање на привремена мерка за забрана за оттуѓување?

Пресуда Рев1.бр.38/17 од 15.11.2017 г. на Врховен суд на РМ:

**Договорот е ништовен.**

Во конкретниов случај второтужениот знаејќи дека е во тек судски спор за поништување на нотарскиот акт за купопродажбата со кој се стекнал со спорниот имот и по донесено решение за привремена мерка на 31.03.2008 година со кое му било забрането да го отуѓува истиот, спротивно на закон со спорниот договор за купопродажба од 02.04.2008 година, незаконски располагал со имотот. Истовремено, на првотужениот тоа му било познато.

Ви благодарам на вниманието !